**О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**29 Јуни 2016 година  Гевгелија  Број 6  Година XXXIX**

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти("Службен весник на РМ" бр.23/11 и 54/11 год.), член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Службен весник на РМ"бр.56/11 год.) и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.06.2016 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација на земјиштето на КП бр.1631 КО Прдејци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на урбанистичка планска документација на земјиштето на КП бр.1631 КО Прдејци, коешто е надвор од планскиот опфат на УП на Прдејци, а на коешто е изграден бесправен објект на Никола Попов од с.Прдејци, со намена А5-4 (помошен објект).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1550/1 Претседател
29.06.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

Врз основа на член 46 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.199/14 и 44/15г.), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.06.2016г., расправајќи по Предлог-Барањето (Иницијатива) за изработка на ЛУПД за изградба на викенд-куќи во КО Негорци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Барањето-Иницијативата за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на викенд-куќи А4 на КП бр.3737, 3740, 3741, 3742, 3743, 3738 и 3739 во КО Негорци, општина Гевгелија, поднесена од лицето Боро Делевски од Скопје.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1551/1 Претседател
29.06.2016 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Хаџи-Николов с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација на земјиштето на КП бр.1631 КО Прдејци ......... 181

2.Решение за усвојување на барањето - Иницијативата за изработка на Локална урбанистичко-планска документација за изградба на викенд куќи А4 на КП бр.3737, 3740, 3741, 3742, 3743, 3738 и 3739 во КО Негорци, општина Гевгелија поднесена од лицето Боро Делевски од Скопје ........ 181

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**